**објавува**

**ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

**за**

**V Национален Y-PEER ТРЕНИНГ за ТРЕНЕРИ**

**11-15 Август 2008**
**Хотел „Срна“ - Маврово**

Почитувани,

Со задоволство ве известуваме дека Y-PEER Macedonia објавува конкурс за избор на учесници на петтиот Национален Тренинг за Тренери за Врсничка Едукација. Целите на овој Тренинг се обука на нова генерација на тренери, зајакнување на капацитетот на мрежата, вклучување на нови организации и промовирање/споделување на ресурсите/алатките на Y-PEER – се со цел подобрување на квалитетот на врсничката едукација во Македонија и информирање на што е можно повеќе млади во земјата за начините на превенција на ХИВ/СИДА и ППИ.

Тренингот ќе се одржи во периодот од 11 до 15 Август, Маврово, во организација на **НВО „Х.Е.Р.А.“**.

Обуката на новите тренери ќе опфати:

- Здобивање со напредни информации (ХИВ/СИДА, ППИ, Контрацепција, теми поврзани со пол/род, аспекти на пиер едукацијата)
- Здобивање со вештини (комуникациски и кофацилитаторски вештини, вештини на јавно говорење, тимски вештини, употреба на театарски методи во едукацијата)
- Регрутирање, обука и супервизија на пиер едукаторите, градење на доверба и тимско работење
- Теми поврзани со Вредности и чувства (полова и родова еднаквост, сексуалност, идентитет, сексуална ориентација, дискриминација)

Организаторите ќе ги покријат трошоците за престој во хотелот и ќе организираат превоз Скопје-Маврово-Скопје. За сите учесници ќе бидат обезбедени печатени материјали (прирачници за пиер едукација, прирачници за театарски методи во едукацијата, застапување, брошури со информации, промотивни материјали и сл.)

Право да аплицираат имаат сите млади од урбани или рурални средини, кои се вклучени во младински активности и кои сметаат дека со својата работа можат да придонесат кон главната цел: Превенција на ХИВ/СИДА и ППИ во Македонија.

Услови кои треба да ги исполнуваат апликантите се:

- Возраст: 18-24 години
- Мотивираност и посветеност на младинска работа
- Имаат претходно искуство во пиер едукација
- Можност да ги пренесат новоздобиените информации и вештини на членовите на матичната Невладина Организација
- Базични познавања за ХИВ/СИДА, ППИ, Контрацепција
- Отвореност за учење и позитивно прифаќање на критиките, способност за тимска работа
- Солидни комуникациски вештини
- Пожелно е, но не е задолжително, познавање на Англиски јазик

Комплетните апликации треба да содржат:

- Пополнет **Апликационен формулар**
- **CV на апликантот**

Двата документа треба да бидат испратени најдоцна до ***01 Август 2008***, на следните e-mail адреси:

macedonia@y-peer.org
hera@hera.org.mk

Сите апликанти ќе поминат низ интервју за конечна селекција на учесниците (лично или преку телефон).

Интервјуата ќе се одржат од 5 до 8 Август 2008. За терминот за интервјуата сите апликанти претходно ќе бидат известени преку e-mail (најдоцна до 3 Август 2008).

За повеќе информации слободно контактирајте со:

***Ивица Цековски***
**Y-PEER Focal Point for Macedonia**
**070/443-196**
cekovski@y-peer.org

**Поддржано од:**